Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **група станари, за кастрење на зеленило,** Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши кастрење на гранки на урбано зеленило ( останато зеленило ) на 1 (едно) дрво (бреза), чии гранки од крошната на дрвото навлегуваат во воздушна линија во дворот на зградата на **ул. "Јуриј Гагарин" бр.26 – Скопје.**
2. Кастрење на дрвото ќе го изврши и организира барателот, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Кастрење на дрвото да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Група станари, ул. "Јуриј Гагарин" бр.26 - Скопје** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **к14-6/898** од **08.01.2025** година, за кастрење на гранки од крошната на дрвото што навлегуваат во воздушна линија во дворот на зградата, што се наоѓа на **ул. "Јуриј Гагарин" бр.26 – Скопје.** Службено лице од Град Скопје заедно со службено лице од ЈП "Паркови и зеленило" го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација.
При тоа е утврдено дека дрвото има разгранета крошна и надвиснати гранки над олукот на зградата и го полнат и причинуваат материјална штета.
Согласно член 10, а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20 ) останато зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување, кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица, или дадени на нивно користење.

Согласно член 11 став 1 точка 1 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) зелените површините покрај објекти за домување (станбени куќи, станбени згради и друго) се сметаат за тип на останато зеленило.

Согласно член 14 од горе наведениот закон, подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или Градот Скопје се должни да донесат решение со што ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење ( кроење е вид на кастрење при што се прават напори зеленилото да добие естетска форма ) на оштетеното дрво и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С" или кастрење: „К").

Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило, дека зеленилото е во состојба при што треба да се искастри, па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број к14-**6/898/2**
**20.01.2025** година

Скопје
**Доставено до:** Барателот и Архива

изготвил:

**Марија Стојановска**
________________________
Раководител на Одд.
**Емил Ѓуровиќ**
________________________
Пом. Раководител на Сектор
**Петар Гичаровски**
________________________

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**
________________________

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ
QYTETI I SHKUPIT - SHKUP
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT